РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1608/1
22-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 18-тата седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2168/1 од 16.08.2024 година, против лицето ------ ---------- директор на ООУ „--------- ---------" – ----- ------ општина -------, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што за наводите од пријавата веќе постапува надлежниот орган – Инспекциски совет.

Предметот со број 12-2168/1 од 16.08.2024 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 16.08.2024 година, е поднесена пријава против лицето ------ -------- дирекор на ООУ „------ ---------" – ----- ------ општина -------, по која е оформен предмет број 12-2168/1 од 16.08.2024 година. Во пријавата се изнесени сомневања за непоседување на лиценца за директор од лицето ------- ------------.

По разгледување на пријавата како и од увидот во прилозите кон пријавата, Државната комисија констатира дека Државниот просветен инспекторат врз основа на Законот за просветна инспекција и Законот за инспекциски надзор извршил вонреден инспекциски надзор во ООУ „------ ---------" – ----- ------- општина --------, во врска со изнесените наводи за непоседување на лиценца за директор на лицето ------ -=-----, за што е составен записник бр. ИП 1 бр.09-53 од 04.05.2024 година, при што овластениот инспектор не констатирал постоење на законски пропусти. Со оглед дека пријавителот поднел претставка до Инспекцискиот совет во врска со работењето на државниот просветен инспектор кој постапувал по предметот ИП бр.09-53, кој како надлежен орган веќе постапува по претставката, Државната комисија за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

спречување на корупцијата нема основ за понатамошно постапување, поради што одлучи како во изреката на оваа одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата